KPMG
cutting through complexity™

КПМГ МАКЕДОНИЈА ДОО СКОПЈЕ

# Извештај за транспарентност

2010 година

© 2011 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# Содржина

**Вовед** **4**

**1. Правна и управувачка структура** **5**

**2. Контрола на квалитет** **6**

**3. Финансиска информација** **13**

Прилог 1: Вредности на КПМГ 14

Прилог 2: Субјекти на кои е извршена ревизија
од КПМГ Македонија ДОО Скопје 15

© 2011 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# Вовед

КПМГ Македонија ДОО Скопје („КПМГ Македонија” или „Друштвото”) е друштво со ограничена одговорност, основано во 1997 година согласно Законот за трговските друштва на Република Македонија.

Друштвото е регистрирано согласно законите на Република Македонија и обезбедува услуги на ревизија, даночни и други нерезвизорски услуги. КПМГ Македонија е друштво регистрирано за вршење на дејноста ревизија и за други дејности од внатрешниот и надворешниот трговски промет и поседува соодветна дозвола за вршење на дејноста ревизија издадена од страна на Министерството за финансии на Република Македонија (Решение бр.07-9876/1 од 07.05.2004 година).

Седиштето на КПМГ Македонија е во Скопје и бројот на вработени во Друштвото заклучно со 31 декември 2010 година изнесуваше 37 лица.

Овој извештај за транспарентност се објавува во согласност со обврските од член 35 од Законот за ревизија (Службен Весник на РМ бр.158/10) и ја отсликува состојбата на КПМГ Македонија заклучно со 31 декември 2010 година.

Со почит,

Ѓорѓи Чучук, Управител

КПМГ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје

© 2011 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# 1. Правна и управувачка структура

КПМГ Македонија ДОО Скопје е регистрирано во Трговскиот регистар на Република Македонија под ЕМБС 5078598 и со седиште на адреса Соравиа Центар Скопје, 7-ми кат, ул. Војвода Васил Аџиларски бб, Скопје.

Основачи на Друштвото се г-дин Ѓорѓи Чучук, овластен ревизор, сопственик на 50% удел и г-ѓа Гордана Никушевска, овластен ревизор, исто така сопственик на 50% удел. Управител на Друштвото е г-дин Ѓорѓи Чучук. Наведените податоци се јавно достапни во Трговскиот регистар.

КПМГ Македонија е фирма-членка на глобалната КПМГ мрежа на независни фирми-членки („КПМГ"), асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив („КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице, која работи во 150 држави и има 138,000 вработени.

Структурата на КПМГ придонесува постојаност на висок квалитет на дадените услуги и придржување кон единствените вредности, кои се применуваат од страна на фирмите-членки на КПМГ мрежата низ светот.

КПМГ Интернешнл не обезбедува услуги на клиенти. Фирма-членка или страна по лиценциран договор нема овластување да го обврзува или поврзува КПМГ Интернешнл или било која друга фирма-членка наспроти трети страни, ниту пак КПМГ Интернешнл има било какво овластување да ја обврзува или поврзува било која фирма-членка или страна по лиценцен договор.

„КПМГ" е регистриран заштитен знак на КПМГ Интернешнл и е називот со кој фирмите-членки на КПМГ, вклучително и КПМГ Македонија се познати.

Фирмите-членки на КПМГ мрежата се обврзани да ги почитуваат општите стандарди за обезбедување на услуги на клиенти и да одржуваат највисок степен на независност и етичност. Тие се самостојни правни лица и носат целосна одговорност за услугите кои ги извршуваат, во согласност со законите и професионалните правила на државата во која ја извршуваат својата дејност.

Глобалната мрежа на КПМГ е организирана, на географски принцип, во три региони - Америка, Азија, и Европа, Блиски Исток и Африка („ЕБИА"). Во рамките на регионот ЕБИА, КПМГ Македонија ДОО Скопје е дел од мрежата на КПМГ во Централна и Источна Европа.

Како дел од глобалната мрежа на КПМГ, КПМГ Македонија е обврзана со корпоративните вредности на КПМГ (Прилог 1, Вредности на КПМГ). КПМГ Македонија ги почитува политиките и условите на КПМГ Интернешнл, вклучувајќи ги стандардите за квалитет со кои се одредува начинот на работа и начинот на давање услуги на клиенти. Ова вклучува и изградба на компаниска структура, која ќе обезбеди континуитет и одржливост, како и способност да ги следи глобалните и регионалните стратегии, да споделува ресурси, да одговара на барањата на мултинационални клиенти, да управува со ризиците и да ги применува глобалните методологии и пристапи на работа. КПМГ Македонија презема одговорност за управувањето и квалитетот на извршените услуги.

Во Македонија, управувањето на КПМГ Македонија се спроведува во согласност со локалните законски одредби и професионални стандарди како и исполнување на глобалните и регионалните политики на КПМГ. Во согласност со Глобалниот кодекс за однесување на КПМГ, членовите и вработените кои работат во фирми-членки на КПМГ мрежата треба да ги почитуваат барањата за интегритет и одговорност во секоја ситуација.

Хонорарот на овластените ревизори се одредува врз основа на целите, поставени за секој партнер одделно во согласност со неговата улога во управувањето на професионалните практики и Друштвото во целина. Овие цели се однесуваат како на финансиските показатели и резултати како што е раст на приходите и профитот, така и на квалитетот на работата и на услугите, лидерството и примената во пракса на вредностите на фирмата.

© 2011 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# 2. Контрола на квалитет

КПМГ Интернешнл има разработени политики за контрола на квалитетот, кои се приложуваат од сите фирми-членки. КПМГ Македонија поддржува систем за контрола на квалитетот на ревизорските активности изграден да одговора на и да ги исполни очекувањата на нашите клиенти, како и да одговара на правилата и стандардите утврдени од Институтот на овластените ревизори во Република Македонија, Меѓународната федерација на сметководители („IFAC") и Биро за надзор на сметководството на јавните компании ("PCAOB") во САД. Бидејќи ги интегрира основните политики и процедури, системот го олеснува и почитувањето на соодветните правила и норми во согласност со локалната регулатива, Сербанс – Оксли Актот („SOX") во САД од 2002 година, Комисијата за хартии од вредност и берзите во САД („SEC"), Меѓународниот стандард за контрола на квалитетот („ISQC") 1, професионалните стандарди и стандардите за квалитет на Друштвото.

Системот за контрола на квалитетот на КПМГ Македонија, кој се применува за ревизорската активност, опфаќа:

- Ангажираност на раководството со системот на внатрешна контрола на квалитетот
- Независност, интегритет, етика и објективност
- Управување со вработените, вклучувајќи обука и професионален развој
- Строги процедури за одобрување и продолжување на односи со клиенти и ангажмани
- Исполнување на ангажманите
- Мониторинг.

## 2.1. Ангажираност на раководството со системот на внатрешна контрола на квалитетот

Контролата на квалитетот и управувањето со ризиците се одговорност на секој од партнерите и вработените во КПМГ Македонија. Оваа одговорност ја вклучува потребата да се разбираат и почитуваат компаниските политики и процедури во спроведувањето на секоја од активностите на Друштвото.

Главните компоненти за ефикасна посветеност на раководството со системот за внатрешна контрола на квалитетот вклучуваат видлива корпоративна култура и вредности, втемелен кодекс за однесување на вработените, насочена кон цели и јасно формулирана стратегија на Друштвото, применувајќи квалитет на сите нивоа и активности, и системот за управување и одговорност, вклучувајќи способни раководители, кои можат да придонесат за системот за контрола на квалитетот.

Друштвото со неговиот овластен надлежен орган изјавуваат дека системот на внатрешна контрола функционира ефикасно и без исклучоци.

Со цел обезбедување поддршка на системот за контрола на квалитетот, КПМГ Македонија врши поделба на одговорноста за надзор на професионалната дејност, управувањето со ризикот и контрола на квалитетот од одговорноста за управување со бизнис активностите на Друштвото. Партнерот за „Управување на ризикот" е одговорен за управување со ризикот во рамките на Друштвото; за сите прашања поврзани со професионалната практика, вклучувајќи надзор на Одделот за професионална практика, за односите со регулаторни тела; за одобрување на понуди за нови услуги, како и за развој на методологии и пристапи за работа. Подолу наведените оддели му помагаат на Партнерот за „Управување на ризикот" во неговата работа.

### *Оддел за професионална на практика („ОПП")*

ОПП дава поддршка на нашиот ревизорски и консултантски оддел преку запознавање на менаџерите и нивните тимови со најновите трендови и методологии на КПМГ на глобално ниво во однос на ревизорската професија; обезбедува технички упатства во однос на конкретни случаи; помага во комуникацијата со клиентите по дадени прашања; развива и дистрибуира упатства за одредени теми во врска со новонастанати технички и професионални прашања, како и обезбедува консултации и помага во работата со цел сообразност со регулаторните и професионалните стандарди, правилата за независност и условите на нормативната база.

### *Оддел за управување со ризици (Ревизија, консултантски услуги и даночни услуги)*

Одделот за управување со ризици (Ревизија, консултантски и даночни услуги) се состои од професионалци

© 2011 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

на кои им е доверена задачата да го промовираат квалитетот и да го контролираат ризикот за ревизорски, консултантски и даночни практики. Секторот е одговорен за развој на политики за управување со ризици, вклучувајќи ги процедурите на Друштвото за прием на клиенти и ангажмани, како и за почитување на политики и процедури на Друштвото со воведување на внатрешни и надворешни програми за преглед на квалитетот.

Професионалната практика, управувањето со ризикот и контролата на квалитетот се исто така одговорности на секој партнер и вработен. Од нив се очекува да се запознаени и да ги применуваат политиките на Друштвото и соодветните процедури. Во политиките се набљудуваат одделните елементи за управување со квалитетот, кои бараат од сите партнери и вработени да се однесуваат чесно и објективно, совесно да ја вршат својата работа и да ги почитуваат важечките закони, регулативи и професионални стандарди.

## 2.2. Независност, интегритет, етика и објективност

### *Независност*

Независноста на КПМГ Македонија, на нејзините партнери и раководство, како и на вработените се обезбедува преку почитување на глобална политика, воведување одредени правила и релевантен систем за контрола на нивното почитување. Партнерот, задолжен за „Етика и независност" помага за решавање на сите прашања поврзани со спроведувањето и почитувањето на глобалната политика за независност во рамките на Друштвото.

Политиката за независност на КПМГ забранува партнерите, менаџерите и вработените назначени да работат на одреден ангажман, да имаат финансиски интерес и недозволени односи со клиентот, неговото раководство, директори и партнери. КПМГ Македонија го следи почитувањето на политиките за независност преку веб-заснованиот автоматски систем за усогласување на правилата за независност, како и преку процес на проверка за почитување на правилата.

Во веб-заснованиот систем постои листа на јавно поседувани друштва, како и претпријатија кои вршат дејност од јавен интерес и издадени од нив хартии од вредност. Во наведениот систем клиентите на Друштвото се означени како такви „со кои односите ни се предмет на посебна регулација и ограничувања". На пример, пред купување на хартии од вредност или земање на заем или други финансиски односи, вработените треба да ја користат програмата за пребарување на информации во врска со независноста за да утврдат дали некое друштво се смета како „друштво со кое односите се предмет на посебна регулација и ограничувања". Партнерите и менаџерите кои обезбедуваат професионални услуги, потребно е да ги пријаваат сите свои инвестиции во системот за следење, кој автоматски го известува заинтересираното лице, дали неговите инвестиции се предмет на посебна регулација и ограничување.

Друштвото исто така бара од сите свои вработените годишно да учествуваат во обуката за независност и да ја декларираат на годишно ниво независноста преку глобален систем на електронска конфирмација. Оваа конфирмација за независност се бара и при вработување во КПМГ Македонија, и потоа секоја година последователно. Покрај тоа, конфирмацијата се користи како доказ за тоа дека лицето е запознаено со и се придржува кон политиката за независност на Друштвото. Секоја година спроведуваме тестови по случаен избор, за да го потврдиме почитувањето на правилата за лична независност. Во периодот октомври - декември 2010 година сите наши партнери и вработени потврдија почитување на барањата за независност преку системот за електронска конфирмација.

Друштвото најдоследно ја спроведува независноста при работите на ревизијата и ги применува интерните процедури на КПМГ за проверка на усогласеноста на неговата независност при работењето и потврдува дека истите процедури се спроведени.

Друштвото има воспоставено процеси со кои вработените се запознаваат со политиките и постапките за независност. Применливите барања за независност и етички стандарди на КПМГ ги исполнуваат нормите донесени од Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, IFAC, PCAOB, SEC и други релевантни регулаторни органи. Овие политики и процедури кои се однесуваат на области како лична независност, контакти по завршувањето на работниот однос, ротација на партнерите и одобрување на ревизорските и неревизорските услуги, се следат постојано, со цел да бидеме известени за тековните новости.

### *Ротација на партнер задолжен за ревизија*

Кон партнерите за ревизија на КПМГ Македонија се применува задолжителна ротација, која го ограничува бројот на годините кога некој партнер може да врши ревизија на друштва чии акции се тргуваат на берза или на претпријатија кои вршат дејност од јавен интерес и на нивните структури на друштвата-ќерки. Политиките на Друштвото се креирани со цел сообразување

© 2011 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

со конкретната регулатива, како и етичкиот кодекс на професионалните сметководители на IFAC и SOX. Имаме изграден систем за следење на ротација на партнерите кои обезбедуваат ревизорски услуги. Системот за следење се користи и за развој на планови за лесна транзиција и континуитет при ротација, која гарантира постојаност во давањето на услугите и нивниот квалитет. Процесот на мониторинг и следење на времето за давање услуги, вклучувајќи ја и ротацијата на членовите, подлежи на проверка за почитување на правилата, како дел од националните процеси за оценка на исполнување на квалитетот.

### *Одобрување на ревизорски и неревизорски услуги*

Партнерот задолжен за одреден ревизорски ангажман, ги прегледува и одобрува сите ревизорски и неревизорски услуги, кои се даваат на клиент на ревизија со чии акции се тргува на берзата и на други лица поврзани со него. Доколку е потребно, партнерот добива и претходна согласност од клиентот.

Системот „Сентинел" на КПМГ го олеснува почитувањето на овие политики и во исто време се користи за идентификација и управување на потенцијални конфликти на интереси меѓу фирмите-членки на мрежата на КПМГ. Заедно со глобалните политики, „Сентинел" помага на Друштвото да ги решава потенцијални конфликти на интереси, помага и за спречување на обезбедување на недозволени услуги на клиентите на ревизија, согласно Законот за ревизија и другите ограничувачки правила за независност што се применуваат за клиент. „Сентинел" обезбедува претходно одобрение за дозволените услуги, кога тоа се бара.

### *Етика и интегритет*

Кодексот на однесување на КПМГ Македонија ги одразува вредностите и принципите на КПМГ за професионално и лично однесување утврдени во политиките на Друштвото. Кодексот на однесување се одразува на посветеноста на Друштвото кон принципите за етичност и интегритет, како и кон вредностите и стандардите на однесување кои се очекуваат од сите партнери и вработени на КПМГ. Партнерите и вработените учествуваат на годишни тренинзи за етика и на годишно ниво ја потврдуваат согласноста за почитување на барањата на Кодексот на однесување.

### *Објективност*

Независноста, интегритетот, етиката и објективност се потпирачките столбови на нашето Друштво. Со оглед на тоа, ние ги вложуваме неопходните напори за избегнување на конфликт на интереси. Утврдените методологии и процедури, како и соодветната обука на вработените, обезбедуваат идентификација на постоечки или потенцијални конфликти на интереси во однос на клиенти и конкретни обврски, како и нивното решавање, управување и избегнување. Конфликтот на интереси може биде ограничувачки за Друштвото да прифати за клиент одредено правно или физичко лице или прифаќање на конкретен ангажман. Системот „Сентинел" се користи за идентификација и управување со потенцијални конфликти на интереси помеѓу сите фирми-членки на мрежата на КПМГ. Сите утврдени прашања поврзани со потенцијален конфликт се решаваат со консултации со другите земји и решавањето на сите прашања се документира.

## 2.3. Управување со вработените

Основен фактор за гарантирање на квалитетот е обезбедувањето на соодветни раководители и членови на тимови за спроведување на конкретни обврски. Нашите политики, процеси и програми за човечки ресурси се фокусираат на привлекување, вработување, развој и управување со персоналот, со цел развивање на потребните знаења, вештини и однесување на вработените. Главните насоки за управување со човечки ресурси вклучуваат:

- Избор на вработени и почетна обука
- Развој и обука
- Доделување на работни обврски
- Управување со спроведувањето
- Евалуација на работата и надомест
- Акредитација и лиценци.

### *Избор на вработени и почетна обука*

Сите кандидати за работа поднесуваат апликација и поминуваат голем број на постапки за избор, кои може да вклучуваат интервјуа за компетентност, психометрични тестови, тестови за способностите, како и проверка на квалификациите/препораките на апликантот. Сите околности поврзани со кандидатот кои би можеле да водат до конфликт на интереси или некомпатибилност со барањата за независност на Друштвото треба да се решат пред вработувањето на соодветниот кандидат.

### *Развој и обука*

Според политиките на КПМГ, од сите вработени се бара да поддржуваат нивната техничката компетентност и да ги почитуваат важечките законски и професионални услови. Во однос

© 2011 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

на обуката, обезбедуваме можности за да им помогнеме на вработените да одговорат на барањата за постојан професионален развој и постигнување на поставени лични и корпоративни цели.

Покрај тоа, Друштвото бара од своите вработени да учествуваат секоја година на обука за стандардите за независност и етика утврдени во Кодексот на однесување на КПМГ.

Овластените ревизори во КПМГ Македонија, учествуваат во годишни обуки и се придржуваат кон Законот за  ревизија за минималните часови на постојана обука.

### *Доделување улога и работни обврски*

Друштвото доделува конкретни улоги и одговорности во ревизорски ангажмани на лице по оценка на неговите вештини, соодветниот професионалено и секторско искуство, како и по проценка на природата на задачата и посветеноста.

### *Управување со спроведувањето*

Управувањето со спроведувањето на ревизорски ангажмани вклучува одредување на конкретни цели и задачи на секој член од тимот, обезбедување на насоки и инструкции, решавање на тековните прашања посветеноста, преглед на извршената и планираните на конкретни мерки за подобрување на идната работа.

### *Евалуација на работата и надомест*

Сите вработени, вклучувајќи ги и партнерите, одржуваат секоја година поставување на цели, како нивните активности се проценуваат од нивните раководители кои се запознаени со работата на секој вработен. Секој вработен се проценува во однос на тоа дали ги постигнал договорените цели, какви вештини/однесување покажува, дали ги почитува воспоставените политики и процедури, како и дали се придржува кон вредностите на КПМГ. Резултатот од годинешната оценка на работата влијае директно врз платите на вработените, вклучувајќи ги и партнерите.

### *Акредитација и лиценци*

Во согласност со политиката на КПМГ за обука и развој, која се применува насекаде во светот, раководството на КПМГ Македонија ги подржува вработените во нивните напори да ги подобрат нивните квалификации.

Политика на КПМГ Македонија е да ги поддржува вработените во процесот на добивање на членство во Институтот на Овластени Ревизори на РМ.

Друштвото потврдува дека најдоследно се придржува кон горенаведените политики кон своите вработени.

## 2.4. Прифаќање на клиенти и ангажмани

КПМГ има востановени политики и процедури за прифаќање на клиенти и ангажмани.

### *Процес на оценка на идни клиенти*

Друштвото пред да прифати или откаже обезбедување на определени услуги,  спроведува и документира оценка на сите идни клиенти. Постапката вклучува оцена на ризикот од обврзувањето на КПМГ со идниот клиент. Оценката на клиентот се прегледува и одобрува од соодветните поискусни вработени во Друштвото. Преку оценката на клиентот се одлучува дали КПМГ ќе го прифати клиентот и се определува кои ќе бидат следните постапки кои треба да бидат преземени за ограничување на ризиците, востановени во тие постапки.

### *Процес на продолжување на работата со клиентот*

За постојните клиенти се спроведува повторна оценка најмалку на секои 12 месеци. Предвремена проценка е потребна во случаите кога Друштвото ќе дознае за значителна промена во врска со определени ризици поврзани со клиентот. Во повторната оценка на клиентот се определува кои се можностите за управување со ризиците, поврзани со клиентот и дали воспоставените односи со клиентот треба да продолжат или да се изменат.

### *Процес на оценка на ангажманите*

Пред да биде прифатен определен ангажман, се спроведува и документира оценка на ангажманот од партнерот кој би бил одговорен за ангажманот. Оценката се извршува преку консултирање со други поискусни вработени, согласно потребите. Преку оценката на ангажманот се одлучува дали тој е погоден така што Друштвото има волја и може да го преземе истиот и се определуваат следните постапки кои треба да се преземат за ограничување на ризиците утврдени при оценката.

### *Процес на продолжување на работата по ангажман*

Повторна оценка на ангажманот се спроведува и документира од соодветниот партнер, одговорен за ангажманот, откако ќе бидат исполнети определени критериуми (на пример ангажмани кои се повторуваат или годишни ангажмани). Со повторната оцена на ангажманите се одлучува дали ангажманот е погоден така што Друштвото има волја и може да ја продолжи работата согласно истиот и се определува

© 2011 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

кои се следните постапки кои треба да се преземат за ограничување на ризиците утврдени при оценката.

## 2.5. Исполнување на ангажмани

Од суштествено значење за квалитетот на нашата ревизија е контролата која е вградена секоја етапа од процесот на ревизорските ангажмани на Друштвото. Контролата на квалитетот вклучува политики и упатства, кои ја обезбедуваат усогласеноста на работата, извршена од тимот надлежен за ангажманот, со важечките професионални стандарди, законски одредби и корпоративните стандарди за квалитет. Исполнувањето на ангажманите ги опфаќа сите фази на изградбата и реализацијата на даден ангажман, вклучувајќи ја и методологијата за ревизија на КПМГ Македонија и прегледот, надзорот, консултациите, документирањето и информирањето за резултатите од ревизиите.

### *Методологија за Ревизија*

КПМГ има разработена методологија за ревизија заснована согласно барањата на Меѓународните Стандарди за Ревизија („ISA”). Истата е достапна за сите партнери и вработени во ревизијата на внатрешниот веб портал („Интранет”). Таа метода е основата за извршување на ревизија на финансиските извештаи на клиентите на КПМГ Македонија.

### *Управување со ангажмани*

Процедурите за управување со ревизорските ангажмани вклучуваат:

- Преглед и одобрување на планот и анализата на ангажманот пред започнувањето на работата на терен
- Преглед на основните работни документи од страна на партнерот, одговорен за ангажманот, како и работните документи за ангажмани со висок ризик
- Определување на лице, одговорно за проверка на квалитетот на ангажманот, по однос на сите ангажмани со претпријатија кои вршат дејност од јавен интерес и високоризични ревизии на финансиски извештаи
- Одобрување од партнерот, одговорен за ангажманот, на документот за комплетирање на ревизија, во кој се резимираат наодите и заклучоците во врска со идентификуваните значајни прашања
- Проверки од лицето, одговорно за прегледот на квалитетот на ангажманот во одредени случаи, во зависност од барањата на професионалните стандарди.

### *Ревизорски извештаи*

Ревизорското мислење е клучен производ на нашата ревизорска дејност. Формата и содржината на ревизорско мислење во голема мера се определени со Меѓународните стандарди за ревизија и Законот за ревизија. Пред издавање на конечното мислење на ревизорот, раководителот на ангажманот учествува и ја прегледува работата на ревизорскиот тим.

### *Чување на документи*

Официјалната политика на КПМГ Македонија за чување на документи го определува периодот на чување на ревизорските работни документи и други документи, поврзани со даден ангажман, во согласност со IFAC, SEC и PCAOB, како и другите релевантни стандарди и норми на регулаторни тела.

### *Доверливост информации на клиенти и заштита на личните податоци*

Почитувањето на условите за доверливост на информациите обезбедени од страна на клиенти е утврдено во Кодексот на однесување, со обуки секоја година и со потврдување за почитувањето на глобалните корпоративни политики. Политиката на КПМГ за заштита на личните податоци обезбедува обработка на лични податоци, во согласност со условите на македонското законодавство. Сите вработени поминуваат соодветна обука во врска со заштитата на лични податоци.

## 2.6. Мониторинг

Друштвото ги исполнува условите за контрола на квалитетот и мониторинг кои се однесуваат на специјализирани ревизорски друштва, преку спроведување на својата внатрешна проверка наречена „Програма за спроведување и почитување на квалитетот” („ПСПК”). ПСПК е изградена со цел да помогне во процената на усогласеноста на политиките на Друштвото и процедурите за управување со ризици и да обезбеди разумна сигурност дека системот за контрола на квалитетот е соодветен и соодветен, работи ефикасно и се почитува во пракса.

ПСПК се состои од неколку елементи, кои ја поткрепуваат корпоративната структура за контрола на квалитетот и управувањето со ризици. Основните компоненти на ПСПК се: 1. функционални прегледи на ангажманите, како дел од Програмата за преглед на исполнувањето на квалитетот; и 2. прегледи на управувањето со ризици, како дел од Програмата за почитување на

© 2011 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

условите за ризик. Овие прегледи се прават на годишно ниво. Може да се организираат и други прегледи како дел од Програмата за преглед на квалитетот и почитување на условите на КПМГ.

Компонентите на ПСПК вклучуваат:

- Редовни прегледи на одделните партнери врз основа на тригодишна ротациона шема
- Преглед на општите и функционални механизми за контрола, вклучувајќи независност, прифаќање и продолжување на работа со клиенти, оценка на вработените, почитување на условите за постојано професионална обука, лиценци и чување на документи
- Обезбедување на резултатите од прегледи на раководството, вклучувајќи акциони планови, кои ќе се реализираат како одговор на утврдени прашања
- Обучување на вработените.

За едногодишни период, кој заврши на 31 декември 2010 година, при извршување на ПСПК не беа утврдени прашања од суштинско значење за активностите на ревизија практиката на КПМГ Македонија. Како повеќето фирми со програми за преглед на квалитетот, ние имаме воспоставен систем за постојано подобрување и запознавање на нашите вработени со направените заклучоци преку внатрешна обука, периодични состаноци со партнери и менаџери.

Во текот на 2010 година не беше извршена специјална проверка за уверување на квалитетот на ревизорот согласно член 20 од Законот за ревизија.

КПМГ Македонија има изготвено список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на 2010 година. Списокот е приложен кон овој извештај (Прилог 2).

© 2011 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# 3. Финансиска информација

Подолу се претставени финансиски информации во врска со вкупниот приход на КПМГ Македонија ДОО Скопје за годината што завршува на 31 декември 2010 година, структурирани по видови на услуги.

| Услуги | Приходи во денари |
|---|---|
| Ревизија на годишни и консолидирани сметки | 58,027,791.00 |
| Дополнителни услуги на уверување на квалитет | нема остварено приход |
| Даночни советодавни услуги | 98,693.00 |
| Други неревизорски услуги | 3,376,290.00 |
| **Вкупно** | **61,502,774.00** |

© 2011 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив ("КПМГ Интернешнл"), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# Прилог 1

## Вредности на КПМГ

### *Ние водиме преку пример*

На сите нивоа ние работиме на начин кој јасно покажува што можеме да очекуваме еден од друг и од сите наши клиенти.

### *Ние работиме заедно*

Ние го даваме најдоброто од себе и градиме успешни работни односи.

### *Ние ја почитуваме личноста*

Ние ги почитуваме луѓето за она што се, за нивното знаење, вештини и искуство како личности и како дел од нашиот тим.

### *Ние бараме факти и увид во нив*

Ние бараме различни гледни точки, ги бараме сите факти и го издигаме нашето име на деловни партнери кои работат со доверба и објективност.

### *Ние сме чесни и отворени во нашата комуникација*

Ние навремено и конструктивно го споделуваме нашето знаење, мислења и предлози и сме храбри и отворени кога земаме одлуки во тешките моменти.

### *Ние сме посветени на општеството*

Ние сме одговорни граѓани и вработени, ги прошируваме своите знаења, искуство и развој како да се вклучиме во различни видови активности во корист на општеството во кое живееме.

### *Пред се, ние ја следиме професионалната етика*

Ние се стремиме постојано да поседуваме највисок професионален стандард, даваме одржливи совети и строго се придржуваме кон барањата за професионална етика и независност.

© 2011 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

# Прилог 2

## Субјекти на кои е извршена ревизија од КПМГ Македонија ДОО Скопје

Субјектите на кои е извршена независна финансиска ревизија од страна на КПМГ Македонија ДОО Скопје во текот на изминатата финансиска година која заврши на 31 декември 2010 година, се наведени подолу:

АВТ-Интернационал ДООЕЛ Скопје

АД за Осигурување Вардар Скопје

АД за Осигурување Винер – Виена Иншуренс Груп Скопје

АД за осигурување Сава Табак Скопје

АД Нестле Ајс Крим - Скопје

Акцент Медиа ДООЕЛ Скопје

Алфа Астика Акинита ДООЕЛ Скопје

АЛФА БАНКА АД Скопје

Бро-Дил АД Скопје

ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ - Скопје

Гели Доо Скопје

Дрога Колинска ДООЕЛ Скопје

Дуферко

ЕВН Електростопанство на Македонија АД Скопје

ЕВН Македонија Холдинг ДООЕЛ Скопје

ЕОС Матрикс ДОО - Скопје

ЕУРОИНС Осигурување А.Д. Скопје

ЕУРОЛИЗИНГ ДООЕЛ Скопје

Жито Вардар АД Велес

Извозна и Кредитна Банка АД Скопје

ИМБ Млекара АД Битола

Крка Фарма ДООЕЛ Скопје

Линде Гас Битола ДООЕЛ Скопје

ЛТХ Леарница ДООЕЛ Скопје

Лукоил Македонија ДООЕЛ Скопје

Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје

Македонско Кредитно Биро АД Скопје

Макстил АД Скопје

Месер Вардар Техногас ДООЕЛ, Скопје

Министерство за економија на Република Македонија

Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија

ММ Инвестмент ДОО Скопје

Нестле Адриатик Македонија ДООЕЛ Скопје

Порше Македонија  ДООЕЛ Скопје

ПРОКРЕДИТ БАНКА АД Скопје

Сан Сити ДОО Скопје

Соравиа Инвест ДОО Скопје

Соравиа Ресорт ДОО Скопје

ТАВ Македонија ДООЕЛ Петровец

Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

Фудбалска Федерација на Македонија (ФФМ)

Хабитат-Македонија Скопје

Интернационален Картичен Систем

Капитал Банка АД, Скопје

Клириншка Куќа Клирgriншки

Интербанкарски Системи

Центар за неформално образование

Триаголник Скопје

Џонсон Мети ДООЕЛ

Шарр Бетеилигунгс, Хани и Елезит

© 2011 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

© 2011 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

© 2011 КПМГ Македонија ДОО, македонско друштво со ограничена одговорност и фирма-членка на КПМГ мрежата на независни фирми-членки се асоцирани со КПМГ Интернешнл Кооператив (“КПМГ Интернешнл”), швајцарско правно лице. Сите права се задржани.

Презентираните информации се од општа природа и не се наменети за потребите на одредено лице или претпријатие. И покрај нашите настојувања да обезбедиме точна и навремена информација, не постои гаранција дека таквата информација е точна во моментот кога истата е примена, ниту пак дека ќе биде точна во иднина. Врз основа на презентираните информации не треба да се превземаат конкретни чекори без добивање на соодветен професионален совет базиран на темелно испитување на дадената ситуација.

КПМГ, логото на КПМГ и “cutting through complexity” се регистрирани заштитени знаци или заштитени знаци на КПМГ Интернешнл.